# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.131 од 22.10.2012 година**

**Член 1**

Во Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" број 95/12), во членот 6 став (1) алинеја 16 по зборот "воспитанието" се става запирка и се додава зборот "спортот".

**Член 2**

Во членот 7 алинеја 1 по зборот "воспитанието" се става запирка и се додава зборот "спортот".

**Член 3**

Насловот пред членот 8 и членот 8 се бришат.

**Член 4**

Членот 12 се брише.

**Член 5**

Во членот 22 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Кога се врши реализацијата на јавниот интерес од членот 5 став (2) од овој закон, предлогот за одземање на правото на користење на градежно земјиште го поднесува Државниот правобранител на Република Македонија."
Ставот (3) станува став (4).
Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „ставот (3)" се заменуваат со зборовите: „ставот (4).

**Член 6**

Во членот 26 точката 1 се брише.
Точките 2, 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".